Граѓанскиот ресурсен центар ги поканува сите заинтересирани да учествуваат на онлајн настанот **„Важноста на соработката на бизнис заедницата и граѓанското општество за градење на подобро општество "што ќе се одржи на 29 септември 2020г. од 13:30 часот на платформата ЗООМ.**




Претставници од граѓанскиот и приватниот сектор ќе говорат за досегашните искуства од соработката која ја оствариле и ќе понудат **практични совети за мобилизирање ресурси.** Всушност, оваа тема е од огромно значење за граѓанските организации кои работат на **зголемување на својата одржливост и независност** од типичните донатори. Настанот ќе понуди нова перспектива за оние организации кои досега не размислувале за **мобилизирање локална поддршка од бизнисите**, а од друга страна ќе даде **конкретни информации за потенцијалот и можностите кои ги нуди ваквата соработ**а за оние здруженија кои се двоумат или се плашат дека ќе бидат одбиени.

**Агенда**

13:30 – 13:40 **Отворање на настанот и воведно обраќање**
– Фрејк Јанмат, Делегација на Европска Унија
– Валентина Атанасовска, Македонски центар за меѓународна соработка
13:40 – 14:00 Соработката меѓу бизнис заедницата и граѓанските организации за вр
– Соња Бојановска, Тинекс
– Душко Христов, Банка за храна
14:00 – 14:30 Можности за континуирана соработка меѓу бизнис секторот и ГО
– Александра Петровска Горин, Фармахем
– Бесир Дерњани, Фондација за развој на образование и култура АЛБИЗ
– Љупчо Крстевски, Локална акциска група Преспа
14:30 – 14:45 Дискусија
14:45 – 16:00 Донациите и спонзорствата за градење на инклузивно општество
– Никица Кусиникова, Конект

Регистрирајте се за настанот 